Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-1629/6 од 29.03.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 14-та седница одржана на 29.03.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2016-та година, бр.05-7138/1 од 25.12.2015 година и бр.05-705/1 од 05.02.2016 година.

Вкупно предвидените расходи и приходи со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година ќе останат на утврдениот износ од 139.544.300,00 денари, бидејќи само се врши прераспределба на средствата на одредени расходни ставки, и тоа:

- Да се зголеми групната ставка **400 Потрошени материјали** за 35.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 2.122.400,00 денари истата да изнесува 2.157.400,00 денари.

- Позицијата **400300 Потрошени канцелариски материјали**, наместо досегашниот износ од 300.000,00 денари ќе се зголеми за 35.000,00 денари и ќе изнесува 335.000,00 денари. Средствата кои се дообезбедуваат се однесуваат за набавка на тонери за потребите на Агенцијата.

- Да се намали групната ставка **418 Останати други расходи** за 35.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 5.960.800,00 денари истата да изнесува 5.925.800,00 денари.

- Позицијата **418800 Други расходи**, наместо досегашниот износ од 5.960.800,00 денари ќе се намали за 35.000,00 денари и ќе изнесува 5.925.800,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за набавка на тонери за потребите на Агенцијата и истите се обезбедуваат од средствата кои беа планирани за спроведување на набавката - доставување на сигнал за системот на мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која ќе се испорача согласно ИПА проектот 2011), кои се наоѓаат на истата позиција 418800 други расходи.

- Во рамките на групната ставка **418 Останати други расходи** и на позицијата **418800 Други расходи** потребно е да се обезбедат и средства за надградба на постојната веб страница на Агенцијата со додатни функционалности во вкупен износ од 354.000,00 денари. Овие средства исто така се обезбедуваат од средствата кои беа планирани за доставување на сигнал за системот на мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која ќе се испорача согласно ИПА проектот 2011), набавка која е спроведена во помал износ од планираниот.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-1629/6 од 29.03.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 14-та седница одржана на 29.03.2016 година, донесе одлука да се одобри ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2016-та година, бр.05-7138/1 од 25.12.2015 година и бр.05-705/1 од 05.02.2016 година.

Имено, вкупно предвидените расходи и приходи со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година ќе останат на утврдениот износ од 139.544.300,00 денари, бидејќи само се врши прераспределба на средствата на одредени расходни ставки, и тоа: така што да се зголеми групната ставка 400 Потрошени материјали за 35.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 2.122.400,00 денари истата да изнесува 2.157.400,00 денари.

Позицијата 400300 Потрошени канцелариски материјали, наместо досегашниот износ од 300.000,00 денари ќе се зголеми за 35.000,00 денари и ќе изнесува 335.000,00 денари. Средствата кои се дообезбедуваат се однесуваат за набавка на тонери за потребите на Агенцијата.

Да се намали групната ставка 418 Останати други расходи за 35.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 5.960.800,00 денари истата да изнесува 5.925.800,00 денари.

Позицијата 418800 Други расходи, наместо досегашниот износ од 5.960.800,00 денари ќе се намали за 35.000,00 денари и ќе изнесува 5.925.800,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за набавка на тонери за потребите на Агенцијата и истите се обезбедуваат од средствата кои беа планирани за спроведување на набавката - доставување на сигнал за системот на мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која ќе се испорача согласно ИПА проектот 2011), кои се наоѓаат на истата позиција 418800 други расходи.

Во рамките на групната ставка 418 Останати други расходи и на позицијата 418800 Други расходи потребно е да се обезбедат и средства за надградба на постојната веб страница на Агенцијата со додатни функционалности во вкупен износ од 354.000,00 денари. Овие средства исто така се обезбедуваат од средствата кои беа планирани за доставување на сигнал за системот на мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која ќе се испорача согласно ИПА проектот 2011), набавка која е спроведена во помал износ од планираниот.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 02-1771/1**

**29.03. 2016 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот,
- Секторот за правни и економско - финансиски работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи;
- Одделение за јавни набавки и општи работи; и
- Архивата на Агенцијата.